# Процедура за издавање на Лиценца и извод од лиценца за вршење авто-такси превоз во општина Свети Николе

**Потребни документи за издавање на лиценца и извод од лиценца за вршење авто-такси превоз на патници во Општина Свети Николе се :**

Поднесено **писмено барање до Општина Свети Николе**, кое може да се подигне во канцеларијата на едношалтерски систем , кај административниот службеник Татјана Лазарова или да се преземе на линк од интернет страницата на Општина Свети Николе www.svetinikole.gov.mk , формуларот/барање за издавање на лиценца и извод од лиценца за вршење авто-такси превоз Кон барањето се доставува следната документација:

1. ДОКАЗ ДЕКА ПРЕВОЗНИКОТ Е ВПИШАН ВО ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР СО РЕГИСТРИРАНО СЕДИШТЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА РМ /ТЕКОВНА СОСТОЈБА СО ПРЕТЕЖНА ДЕЈНОСТ 60.22 – АВТО ТАКСИ СЛУЖБА - (се доставува во копија, не постара од 60 дена)

2. ДОКАЗ ДЕКА ПРЕВОЗНИКОТ ИМА ВО СОПСТВЕНОСТ РЕГИСТРИРИРАНИ ЕДНО ИЛИ ПОВЕЌЕ ВОЗИЛА ЗА ПРЕВОЗ ИЛИ ДА ИМА ДОГОВОР ЗА ФИНАНСИСКИ ЛИЗИНГ.(се доставува копија од сообраќајната дозвола на превозникот или копија од Договорот за лизинг)

3. ПОТВРДА ЗА ВОЗИЛОТО ОД СТАНИЦА ЗА ТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД-СВЕТИ НИКОЛЕ ДЕКА ИСТОТО ГИ ИСПОЛНУВА ТЕХНИЧКО-ЕКСПЛОАТАЦИОНИТЕ УСЛОВИ ЗА ВАКОВ ВИД НА ПРЕВОЗ (се доставува копија од потврдата)

4.ДОКАЗ ДЕКА ПРЕВОЗНИКОТ ИМА ВРАБОТЕНО ВО РАБОТЕН ОДНОС АВТО-ТАКСИ ВОЗАЧИ,СОГЛАСНО БРОЈОТ НА МОТОРНИТЕ ВОЗИЛА

5. РЕШЕНИЕ ЗА РЕГИСТРАЦИЈА НА ФИСКАЛЕН СИСТЕМ НА ОПРЕМА ( ФИСКАЛЕН АПАРАТ-ТАКСИМЕТАР) ИЗДАДЕНО ОД УЈП И СЕРТИФИКАТ ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МЕРИЛО ОД МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА-БИРО ЗА МЕТРОЛОГИЈА (се доставува копија од решението)

6. СЕРТИФИКАТ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНА КОМПЕТЕНТНОСТ ЗА УПРАВИТЕЛОТ

7. УВЕРЕНИЕ ОД ОСНОВЕН СУД СВЕТИ НИКОЛЕ ДЕКА ПРОТИВ УПРАВИТЕЛОТ НЕМА ПРАВОСИЛНА СУДСКА ПРЕСУДА ЗА КРИВИЧНО ДЕЛО (копија не е постара од 60 дена, освен за новорегистрираните правни лица кои се запишани во Централен Регистар на РМ не повеќе од 6 месеци, не се должни да ја докажуваат обврската за добар углед )

8.ОПРЕМА ЗА КОМУНИКАЦИЈА СО АВТО-ТАКСИ ВОЗИЛАТА ( GPS ОПРЕМА)

9. ДОКАЗ ЗА ИЗВРШЕНА УПЛАТА НА АДМИНИСТРАТИВНИ ТАКСИ (уплатница во износ од 3000 денари на трезорска сметка 100000000063095 , уплатна сметка 84016303182,приходна шифра и програма 722315 00 )

10.СКЛУЧЕН ДОГОВОР СО ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА КОРИСТЕЊЕ ПАРКИНГ ПРОСТОР , ЗА ЕДНО ВОЗИЛО ПО 2.920.00 ГОДИШНО,(согласно Одлука на Совет на Општина Свети Николе)

Авто-такси возилата треба да имаат најмногу 5 седишта и според Одлуката на Совет на Општина Свети Николе, бојата на предниот дел на возилата – капакот и задниот дел на возилото (ѓепекот или петта врата) со кои се врши авто такси превоз на патници е жолта.

# Постапка за издавање на Лиценца и извод од лиценца за вршење авто-такси превоз во општина Свети Николе

Овластеното службено лице од Општина Свети Николе одговорно за водење постапка за издавање на лиценца и извод од лиценца , е должно во рок од 30 дена од денот на приемот на барањето да ја разгледа доставената документација, и одлучи по истата .

Доколку е комплетирана документацијата согласно законските одредби и одлуката на Советот на општина Свети Николе, на барателот му се издава лиценца за превозникот и извод од лиценца за одредено возило кое ги исполнува бараните критериуми .

Постапка кога доставената документација не е комплетна или е со недостатоци:

Доколку доставената документација не е комплетна, службеното лице во Општина Свети Николе е должно писмено да го извести барателот со укажување истиот да го дополни барањето, во определен рок одреден во укажувањето.

Доколку барателот не ги отстрани констатираните недостатоци и не го дополни барањето во дополнително определениот рок, органот ке го отфрли барањето и ке донесе Решение како барањето да не е ни поднесено.

Доколку барателот ги отстрани констатираните недостатоци и документацијата е комлетна, а не ги исполнува условите за добивање на лиценца,Градоначалникот на општина Свети Николе ке донесе Решение за одбивање за добивање лиценца и извод од лиценца за вршење авто-такси превоз на патници во Општина Свети Николе.

Доколку барателот ги отстрани констатираните недостатоци и го дополни барањето, надлежниот орган е должен да ја продолжи постапката, и со комплетирана документација во рок од 15 дена да издаде лиценца и извод од лиценцата.